Врз основа на член 182 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018), Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научно, наставно – стручно и соработничко звање и асистенти – докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, се распишува:

КОНКУРС
за избор во насловни звања на

А. Факултетот за градежништво и архитектура во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.
1. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Развој на архитектурата и урбанизамот и архитектурното наследство** (20103 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
2. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Архитектонски Конструкции** (20112 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
3. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Применета геодезија** (20602 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.

Б. Факултетот за технички науки во состав на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.
1. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Транспортна логистика** (22004 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
2. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Општо машинство проектирање и машински конструкции** (21400 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
3. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Менаџмент во царина и шпедиција** (50621 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.

В. Факултетот за социјални науки во состав на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.
1. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Општа криминалистичка теорија** (51600) **и Друго** (51610 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
2. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Криминалистичка методика** (51601) **и Друго** (51610 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.
3. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Филозофија на културата** (60510) **и Друго** (60517 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).

Рокот за избор е за време од пет години.
4. Избор на еден наставник во насловно звање во наставно - научната област: **Етнологија на Европа и Средниот Исток** (61005) **и Друго** (61009 од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација).
Рокот за избор е за време од пет години.

Услови и критериуми за избор:

Кандидатите треба покрај општите услови да ги исполнуваат и условите и критериумите предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

Кандидатите се должни да ги поднесат следниве документи: пријава за учество на конкурсот, куса биографија, докази за исполнетост на условите од Законот за високото образование, списокот на научни и стручни трудови по еден примерок од научните и стручни трудови.

Конкурсот трае пет (5) работни дена од денот на објавувањето на конкурсот. Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ги достават во просториите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, ул."12 Македонска ударна бригада" бр. 2-а/VI спрат, со назнака: За Конкурс за избор во насловни звања на:

А. Факултет за градежништво и архитектура

Б. Факултет за технички науки

В. Факултет за социјални науки

во состав на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје.

Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени во постапка за разгледување.

Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје